



# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН













# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ИНТЕРВЕНЦИИ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ЖДАНЕЦ

Поради застареност на електричната инсталација,дел од граѓаните на Жданец деновиве се без улично осветлување.Екипите на Општина Карпош интензивно работат на терен и очекуваме до вторник работите да бидат завршени.Им се извинуваме на граѓаните од овој дел на Карпош и благодариме на разбирањето.








# ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА КАРПОШОВИ ГРАЃАНИ ЗА ЛЕКУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО

На шеесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош, советниците расправаа по вкупно 25 точки на дневниот ред. Со одлука на Советот, ќе се постави нов лифт во колективниот станбен објкет на ул. Франлин Рузвелт бр. 63- а, влез 2, додека за реконструкција - ремонт и замена на стар со нов мал лифт на бул. Партизански одреси бр. 64- б,влез 1 и бр. 153 ќе се одвојат финансиски средства од буџетот на локалната самоуправа. Советниците исто така ги одобрија барањата за финансиска помош за лекување во странство, доставени од граѓани на Карпош на кои им е потребна таков вид на помош. На денешната седница беше одобрен и предлог ребалансот на буџетот на Општината за 2017 година. Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски детално ги образложи предлог точките на дневниот ред за кои советниците упатија прашања.



# КИНЕСТЕТИЧКА УЧИЛНИЦА СО УСПЕШНА ЗАВРШНИЦА

Во просториите на ООУ „ Братство“, се одржа финална презентација на проектот „ Кинестетичка училница“ во рамки на Креативниот центар-Карпош. Како што нагласи координаторката на овој проект Билјана Петроњев, од февруари до почетокот на јуни, низ сите основни училишта во Карпош бил спроведен овој проект и резултатите се многу задоволителни.

-Морам да изразам големо задоволство што самите ученици, но и наставниците го прифатија како начин на подобрување на наставниот процес. Станува збор за физичка активност, која учениците и наставниците ја практикуваат на часовите, сé со цел да се подобри интересот на учениците, да се задржи фокусот на наставата, и да се подигне мотивацијата на учениците. Токму неколкумесечното практикување на оваа вештина, која масовно се користи во Кина и во земјите од азискиот континент, даде резултати кај учениците и наставниците во карпошовите училишта, потенцираше координаторката Петроњев.

Координаторот Марко Секуловски, истакна дека на почетокот, кај одредени наставници, но и ученици, имало скепса во однос на практикување на овој метод на работа на часовите, но постепено истиот бил прифатен и резултатите кои денес се постигнати се многу добри.

-Користењето на различните физички активности во училниците, се наменети за подготвување, односно загревање на мозокот преку одредени движења, со цел да се подобри комуникацијата на двете хемисфери на мозокот, имплементирање кратки паузи со цел да се одмори мозокот и консолидирање на информациите, промовирање на физичката активност, подобрување на единството во одделението, сé со цел да се создадат оптимални услови за учење на нови информации, објасни координаторот Секуловски.

Овој проект „ Кинестетичка училница“ е прв кој се применува во практична настава во Република Македонија, во сите основни училишта во Карпош. Во пролетната етапа на проектот, беа опфатени ученици од одделенска настава односно од прво до четврто одделение.



# СДСМ АКТИВИСТИ ОД ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ГЛУМЕА ТАФТАЛИЏЕ 1

Вечерва бевме сведоци на уште едно деструктивно однесување на СДСМ во Карпош. Немајќи што да им понудат на граѓаните во изминатите четири години, тие вечерва излегоа со повик за протести во Тафталиџе 1, против изградба на станбена зграда.

Сокриени зад наводното „Зелено Тафталиџе", вечерва, беа присутни педесетина членови на СДСМ отсекаде, но, најмалку од населбата Тафталиџе. На пример, од Злокуќани на помош им дојде Душко Весовски, потоа, од улицата Ловќенска која се наоѓа во населбата Козле е човекот со криминално досие т.н. Саше Амстердам, присутни беа активисти на оваа партија, од Карпош 1 итн. Куриозитет претставува присуството на активисти на Социјал демократскиот сојуз, дури од населбата Ѓорче Петров.

Повеќе од очигледно е дека граѓаните на Тафталиџе 1 знаат точно што да ценат и да почитуваат, односно тоа што со парите земени од комуналиите од градбите во нивната населба е изградено новото училиште Јан Амос Коменски, реконструирана е спортската сала на истото и направена е атмосферска канализација на улиците Букурешка и Дамаска. Реконструирана е улицата Букурешка со сите нејзини краци, улицата Варшавска со сите краци како и улицата Дамаска.

На улицата Париска е изградена атмосферска канализација и се реконструирани коловозот и тротоарите. Исто така, реконструирани се и улиците Хаванска, Виенска, Нобелова, Петре Пирузе, Ташкентска и Хелсинки, каде се поставени и нови рабници и тротоари. Поставено е ново улично осветлување низ цело Тафталиџе 1, а поставени се и оптички кабли за побрз интернет. Реконструирани се фасадите на трите романски кули, на улица Букурешка и на двете руски згради на улица Варшавска.

За оваа година е предвидена реконструкција на фасадите на останатите три руски згради. Изработен е проект и е распишан тендер за уривање на старата постоечката и изградба на комплетно нова детска градинка „Мајски Цвет".

Ете затоа граѓаните на Тафталиџе не му веруваат на СДСМ, не ја добија очекуваната поддршка и беа присилени да „зајмуваат" од своите членови од други делови од Карпош и Ѓорче Петров.

Воедно, СДСМ треба да одговори на прашањето, дали може да ни посочи барем еден квадрат асфалт, еден метар должен канализација, или барем една светилка која е поставена од некој нивен градоначалник? Сите тие немаат ништо конкретно да им понудат на граѓаните на Карпош, освен протести и лаги. Граѓаните на Карпош не живеат од лаги туку од резултатите и подобрувањата на нивните животни услови.

# НОВ МОДЕРЕН ПАРК ЗА КАРПОШАНИ ВО НАСЕЛБАТА КОЗЛЕ

Денеска, градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски и градоначалникот на Град Скопје Коце Трајановски, официјално во употреба го предадоа паркот спроти студентскиот дом „Гоце Делчев" во населбата Козле. Како што истакна првиот човек на Општина Карпош, овој парк освен жителите на урбаната заедница Пецо Божиновски- Кочо, го користат и граѓаните од урбаните заедници Кузман Јосифовски- Питу, Тафталиџе 1 и 2, како и од сите останати населби и урбани заедници кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа.

-Посебно задоволство ми претставува што најмалите карпошани особено му се израдуваа на ова современо урбано катче, и што заедно со своите родители уживаат во вечерните летни часови, користејќи ги реквизитите од детското игралиште. Токму за нив, Општина Карпош ќе набави т.н лимузини на батерии, за истите да бидат користени од нашите најмали жители, кои ќе ги возат бесплатно, истакна општинскиот татко Стевчо Јакимовски.

Градоначалникот Јакимовски, нагласи дека овој парк е со вкупна површина од 10.000 квадратни метри, од кои на 6.000 квадратни метри е извршено хортикултурно уредување , финансиски покриено од Градот Скопје. Останатиот дел од 4. 000 метри квадратни партерно уредување и поплочување на просторот со 200 метарска фонтана , како и детско игралиште со еко-реквизити е инвестиција обезбедена од буџетот на Општината. Јакимовски истакна дека во моментот се гради паркот паркот на ул. Букурешка, додека тој на ул. Варшавска е скоро изграден. Постојано во секое урбано катче на Општина Карпош градиме мини скверови и паркчиња, кои жителите на тие населби и урбани заедници, особено во овие летни денови, ќе може да ги користат за дружење и летно уживање.

-Вредноста на овој парк е 38.5 милиони денари, а изведувач на паркот е фирмата Лутарика од Скопје. Практично со завршувањето на овој парк, по изградбата на парковите Македонија 1 и Македонија 2, и реконструкцијата на фасадите на зградите по должината на бул. Теодосиј Гологанов, граѓаните на овој дел од Карпош добија модерна урбана целина за живеење, токму, каква што заслужуваат, потенцираше Јакимовски.





Градоначалникот на Град Скопје Коце Трајановски прво му честиташе на својот колега Јакимовски и на општинската администрација за изградбата на овој парк, и напомена дека Градот Скопје постојано вложува во изградба на паркови заедно со општините кои се наоѓаат на територија на Градот Скопје.

-Овој парк претставува продолжение на претходните два- Македонија 1 и Македонија 2, кои денеска претставуваат едни од најубавите паркови со зеленило, и цветни аранжмани во цело Скопје. Пред се, задоволен сум што со градоначалникот на Општина Карпош имаме одлична соработка за проекти од заедничко значење, се со цел на граѓаните кои живеат во овој дел од градот Скопје да им се исполнат нашите проекти, кои како ветување сме им ги дале, категоричен беше Трајановски.

Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, им посака одлично дружење и уживање на Карпошани токму во овој нов парк, со напомена дека истите треба за паркот да се грижат и да го заштитуваат, бидејќи тој е изграден токму со средства на граѓаните, односно со средства обезбедени од буџетот на локалната самоуправа.



# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

Кој за што зборува? Проститутките најчето зборуваат за чесност, војникот зборува за скратување на воениот рок, а СДСМ зборува за корупција. Веројатно поучени за сопственото искуство од нивниот лидер Зоран Заев кој функционира по принципот едно евро за црквата, едно кај Вицето. СДСМ треба да престане да ги засмејува граѓаните дека еден убав сончев ден кога ќе дошле на власт, ќе работеле отчетно, чесно и во интерес на граѓаните.

Кога СДСМ дал отчет за своето работење во Карпош? Кој нивни градоначалник дал отчет за работењето? Освен отчетот на градоначалникот Јакимовски од 2013 година, досега нитy еден градоначалник од СДСМ не дал отчет на своите граѓани. А што би дале во отчетот?

Веројатно не мислат отчет да им даде Шекеринска која земаше за својот стан во Тафталиџе 5.600 евра кирија месечно. Ќе дадат ли отчет таа и нејзиниот сопуг Бобо, зошто банкротираше Дајнерс? Би било добро СДСМ да им даде отчет на граѓаните на Центар зошто четата на митаџиите од Општина Карпош ги префрлија кај Жерновски, а сега и тој не им чини. Веројатно не мислат отчет да им даде Пеце Мирчевски – новиот директор на СОЗР кој кога беше избркан од Општина Карпош му беа пронајдени 137 нерешени предмети. Ќе дадат ли отчет за службените возила со кои одеа на риболов, за отворените и незатворените сметки по кафеани. Дали СДСМ ќе даде отчет за пијаните советници, неспособните претседавачи, кој им земал пари на спортските клубови, кој наплаќал по еден денар за секое испиено јогуртче од учениците во Карпош. Ќе кажат ли нешто за партиските телефони, партиските штабови, и партискиот бензин платен од Општинскиот буџет. Ќе се извини ли СДСМ зошто на места раководители на сектори поставувале лица со фалсификувани дипломи, и за тоа месечно земале над 40.000 денари.

СДСМ треба да се засрами што се крие зад наводно невладини организации, организира протести во Тафталиџе на кои присуствуваа само десетина тафталиџани, а остатокот беа од Козле, Ѓорче и Злокуќани. Тафталиџани седеа на своите тераси и гледаа сеир. Зошто СДСМ не протестира за зградите на нивниот поранешен претседател и главен градски архитект Никола Велковски, За пријателите на Бранко – „Хрисинг“, за „Скопски пазар“ и другите? Тие што бација рака во СДСМ можат слободно во Тафталиџе да градат и кај нив нема да има протести. Тие што не им платиле рекет пред нивните објекти ќе има СДСМ-овски циркуси, прикакзни за наводно уништување на зеленило, нехуман живот. Ќе објасни ли СДСМ зошто е против реконструкција на детски игралишта, за изградба на паркови, шеталишта?

Повторно ги прашуваме. Можат ли да набројат еден метар квадратен асфалт, еден должен метар канализација (фекална или атмосферска), една сијаличка или една коцка бекатон каде нивните градоначалници поставиле?

На крајот, за нивната желба за ревизија и одговорност им даваме предлог: тие да направат ревизија во Карпош а ние во Струмица. И потоа, секој со своите сознанија да оди во Обвинителство. Ако се чесни, треба да го прифатат предизвикот.

Градоначалникот на Карпош и досега даде отчет и беше транспарентен:

Јавно кажа дека лидерот на СДСМ од него барал 200.000 евра. Нека биде отчетен, одговорен и транспарентен и нивниот лидер Зоран Заев нека каже дали е тоа точно.

# „СОКОЛИТЕ“ ЌЕ ИГРААТ ВО КВАЛИФИКАЦИИТЕ А ЛИГАТА НА ШАМПИОНИТЕ

Карпош Соколи ќе биде единствениот македонски претставник во квалификациите за Лигата на шампионите на ФИБА. Кошаркарите од Карпош ќе одиграат три квалификациски натпревари за пласман во Лигата на Шампионите. „Соколите“ ќе стартуваат од првото квалификациско коло, и ќе треба да минат голем филтер, за да изборат пласман меѓу осумте клуба (од вкупно 32) кои ќе се пласираат во групната фаза од натпреварувањето.

Според ФИБА, во првото квалификациско коло ќе се натпреваруваат вкупно 16 тимови, меѓу кои и македонскиот претставник Карпош Соколи. Само најдобрите ќе се пласираат во групната фаза, каде ги чекаат тимовите кои веќе се одредени како учесници во регуларниот дел од сезоната.

# УМЕТНИЦИ ОД КАРПОШ УЧЕСТВУВАА НА ЛИКОВНИОТ КАМП „ВАНЃЕЛ КОЏОМАН"

Денеска, (петок 30 јуни) заврши со работа традиционалниот 11-ти по ред Образовен-ликовен камп ,,Ванѓел Коџоман" кој се одржа во Струга и Охрид. На уметничката колонија учествуваа и 35 млади творци со 5 ментори-наставници по ликовно образование од основните училишта во Општина Карпош. Манифестацијата е поддржана од Општина Карпош и Министерството за култура на Република Македонија.

По повод 8-ми септември Денот на Независноста на Република Македонија ќе биде отворена изложба во Кинотека на Македонија-библиотека Другарче, во изложбениот простор. Изложени ќе бидат најуспешните ликовни творби на учесниците на овогодинешната ликовна колонија и ќе бидат доделени дипломи за учество на сите учесници како и благодарници за менторите и на основните училишта во Општина Карпош. Организатор на образовниот камп и изложбата е Детски ликовен центар.